unesco
World Heritage Convention

**Анекс 13 од Оперативниот водич**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 35 - 691/6
21.02 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

ФОРМАТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАШТИТАТА
ОД СТРАНА НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

**(во согласност со Параграф 169 од Оперативниот водич)**

**СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН** (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

# Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (45 COM 7B.104)

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуките на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.7 и 45 COM 7B.104),**

**Име на доброто**: Природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Датум на впишување**: 1979 г.
**Проширување**: 1980, 2019 г.
**Година на незначителна промена на границите**: 2009 г.
**Критериуми:** (i) (iii) (iv) (vii)

1. **Кратко резиме на извештајот**

Република Северна Македонија и Република Албанија остануваат цврсто посветени на зачувување на статусот на светско наследство за Природното и културното наследство на Охридскиот Регион. Овој Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (45 COM 7B.104) претставува ажуриран заеднички извештај на државите членки Република Северна Македонија и Република Албанија за состојбата со заштитата на доброто, со информации за постигнатиот напредок во спроведувањето на препораките од реактивните мониторинг-мисии и зајакнување на билатералната соработка со Република Албанија во насока на заедничко управување со доброто во текот на 2023 година.

Изработен е Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, кој ги идентификува екстремната ранливост на доброто, основните причини за таквата ранливост, особено неусогласеноста на регулативите, недостигот на имплементација на постојните програми и проекти, како и присуството на активни закани. Стратегискиот план за рехабилитација обезбедува цврста основа за започнување на процесот на закрепнување на доброто; но, сепак, тој треба да се зајакне, особено давајќи предност на активностите во врска со прекуграничните цели и приоритети, да ги објасни механизмите за имплементација и интеграција во националните политики и планови, и потоа да ги дефинира временските рамки за завршување на активностите. Успешната имплементација на Планот ќе придонесе за подобрување на прекуграничната соработка, како и за долгоречен ангажман на национално и на локално ниво.

Владата на Република Северна Македонија, постапувајќи по Одлуката на Комитетот за светско наследство од Ријад 2023 година, одржа итна седница на 26.9.2023 година на која беа донесени заклучоци за преземање итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Со заклучоците беа опфатени сите надлежни министерства и институции што треба да ги спроведат препораките од Комитетот за светско наследство со цел намалување и отстранување на факторите што негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на доброто (бр. 41-9086/4 од 26.09.2023 година).

Согледувајќи ја состојбата со законската регулатива и третманот на наследството, како и во насока на зајакнување на институционалните капацитети, Министерството за култура, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, изработи нов Предлог на закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Дополнително,

подготвени се и нацрт на Законот за заштита на културното наследство и Предлог-закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење.

Во владина постапка е донесувањето на: нов Закон за рибарство и аквакултура со посебен осврт на заштитените подрачја, Предлог-законот за прогласување на Студенчишко Блато во Охрид за заштитено подрачје во категорија IV парк на природата и Нацрт-законот за Охридското Езеро за споменик на природата.

Во завршна фаза е изработката на физибилити студија за изготвување **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот Регион**, со цел севкупна и долгорочна заштита на брегот на Охридското Езеро.

ЈУ Национален парк „Галичица" во текот на 2023 година почна со креирање ортофотомозаик на теренот во рамките на Националниот парк преку кој ќе ги детектира сите бесправно изградени објекти со користење дрон и снимање во низок лет на сите објекти во границите на Националниот парк.

Потврдувајќи го отворениот и партнерски однос на Република Северна Македонија и на Република Албанија кон Центарот за светско наследство и советодавните тела, во јануари 2024 година побараа заедничка Реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела што ќе ја процени моменталната состојба со природното и културното наследство на Охридскиот Регион со насоки за идните активности со цел соодветна заштита на наследството.

## 2. Одговор на Одлуката на Комитетот за светско наследство:

**<u>Одлука: 45 COM 7B.104</u>**

**Комитетот за светско наследство,**

1. **<u>По разгледувањето</u> на Документот WHC/23/45.COM/7B.Add.2,**
2. **<u>Потсетувајќи</u> на Одлуката 44 COM 7B.7, усвоена на проширената 44. седница (Fuzhou/online, 2021),**
3. **<u>Ги поздравува</u> заедничките напори на државите членки да развијат Стратегиски план за рехабилитација на доброто, но ги <u>повикува</u> државите членки да го обезбедат следново:**

   **а) Вклучување временска рамка за имплементација, буџет и приоритети за секоја активност во Стратегискиот план за рехабилитација.**

   **б) Проширување кон Албанија на активностите за имплементација кои се релевантни за двете држави членки, а се предвидени само во Северна Македонија.**

   **в) Адекватно опремени тимови со кадар, ресурси и овластувања да посредуваат и да координираат со сите релевантни институции за да гарантираат интеграција на дејствата на Стратегискиот план за рехабилитација во националните политики и планови, како и меѓуинституционални напори да се спречат и да се отстранат заканите и да се постигнат целите наведени во Стратегискиот план за рехабилитација.**

4. **<u>Им налага</u> на државите членки да воспостават итни мерки за да ги поврзат сите релевантни учесници за да се спречат новите закани и да се отстранат постојните закани пред да се финализира, одобри и да се спроведе Стратегискиот план за рехабилитација.**

Во согласност со Одлуката од 45. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (45 COM 7B.104 Ријад, Кралство Саудиска Арабија, 2023), работна група формирана од министерот за култура, во соработка со меѓуинституционалниот експертски тим од Република Албанија, изврши ревидирање на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030). **Во постапката за ревидирање на Стратегискиот план се имплементирани и укажувањата, забелешките и препораките содржани во мислењето на Меѓународната организација за споменици и места ИКОМОС.** Во согласност со укажувањата и препораките, работните групи коишто работеа на Стратегискиот план за рехабилитација пристапија кон дополнување и допрецизирање на одредени активности наведени во Планот. Напомнуваме дека се оцени финансирањето/буџетирањето за спроведувањето на мерките (активностите) за рехабилитација на доброто да бидат проценети во моментот на нивното спроведување и во согласност со актуелната финансиска состојба од страна на надлежните институции со утврдена буџетска рамка за спроведување и/или можности за кофинансирање од страна на меѓународни донатори. Фискалните импликации за реализација на мерките ќе ги даде секој од надлежните субјекти што е задолжен за спроведување на мерката, за што Владата на Република Северна Македонија ќе ги задолжи сите надлежни субјекти да доставät процена за фискалните импликации и за изворите на финансирање. Овие податоци ќе бидат основа и за програмирање на буџетските средства за годините во кои треба да се реализира конкректната активност.

Согледувајќи ја организациската поставеност на институциите, најприфатливо решение е следењето на спроведувањето на Планот за рехабилитација да биде во надлежност на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

**5. <u>Посочува со сериозна загриженост</u> на оцената направена во поглавје 4 од Стратегискиот план за рехабилитација во врска со чувствителноста на доброто и негативните фактори што влијаат врз него и <u>итно бара</u>:**

**а) Да бидат отстранети измените во Деталниот урбанистички план и одобрението на локалните развојни планови надвор од населени места сè додека не се спроведе процената на влијанието врз наследството на стратегиско ниво и демонстрира дека нема негативно влијание од страна на овие планови врз атрибутите што се основа на исклучителната универзална вредност на доброто.**

Од своето формирање во 2018 година, Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион активно работи на усогласување на целокупната урбанистичко-планска документација на општините Охрид, Струга и Дебрца во Република Северна Македонија со одредбите од Планот за управување. Во периодот јануари 2023 – јануари 2024 година, разгледани се и дадени мислења за вкупно 137 барања, главно за измена и дополнување или носење на нова урбанистичко-планска докуменатција во општините Охрид, Струга и Дебрца. За урбанистичка документација чија реализација, во согласност со националната легислатива, може негативно да влијае врз атрибутите на исклучителната универзална вредност на Регионот, задолжително е спроведување стратегиска оцена за влијание врз наследството.

Во насока на усогласување со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, Општина Охрид во својата Годишна програма за 2023 година предвиде усогласување на детални урбанистички планови за 18 урбани заедници со Планот за управување. Врз основа на член 17 од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10), урбанистичките планови, пред

почнување постапка за јавна анкета и јавна презентација, задолжително се доставуваат на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

Агенцијата за планирање на просторот на Република Северна Македонија почна постапки за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитената зона на крајбрежниот појас на Охридскиот Регион (делот на Република Северна Македонија), кој ги опфаќа катастарските општини Љубаништа, Трпејца, Пештани, Елшани, Коњско, Охрид 3, Охрид 4, Оровник, Мислешево вонградски, Мислешево, Струга, Калишта и Радожда, односно делови од општините Охрид, Струга и Дебрца.

**б) Генералните урбанистички планови за Охрид и за Струга и просторните плански инструменти за неизградените области да бидат елаборирани како итна работа и целосно во однос на атрибутите на исклучителната универзална вредност на доброто.**

Со донесувањето на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион во 2020 година, сите измени и донесувањето на Урбанистичките планови во општините Охрид, Струга и Дебрца се во согласност со насоките дадени во Планот за управување, а одобрени со мислење од Комисијата за управување како механизам кој врши соодветна контрола на урбанистичкото планирање во Регионот.

Владата на Република Северна Македонија, постапувајќи по Одлуката на Комитетот за светско наследство од Ријад 2023 година, одржа итна седница на 26.9.2023 година на која беа донесени заклучоци за преземање итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Со заклучоците беа опфатени сите надлежни министерства и институции што треба да ги спроведат препораките од Комитетот за светско наследство со цел намалување и отстранување на факторите што негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на доброто (бр. 41-9086/4 од 26.09.2023 година).

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети, Министерството за култура, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, изработи нов Предлог на закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион. Во врска со Предлогот на закон се вршат консултации со стручната јавност, по што тој ќе биде доставен до Владата на Република Северна Македонија.

**6. Бара од државата членка Северна Македонија по завршувањето на студијата за изводливост (физибилити студија) за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежениот појас во Охридскиот Регион, да ја поднесе до Центарот за светско наследство за ревизија од страна на советодавни тела.**

Агенцијата за планирање на просторот активно соработува со работниот тим кој преку УНДП (UNDP) ја изработува Физибилити студијата за Охридскиот Регион и ги доставува сите податоци, информации, проекти и документи што им се потребни при изработката. Физибилити студијата се изработува од страна на ангажиран експертски тим од меѓународни и домашни експерти. По завршувањето на Студијата, Агенцијата за планирање на просторот ќе има можност да продолжи со изработка на Урбанистичкиот план. По завршувањето на Нацрт-физибилити студијата за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на

крајбрежениот појас во Охридскиот Регион, таа ќе биде доставена до Центарот за светско наследство на УНЕСКО за ревизија од страна на советодавните тела.

Во насока на целосна подготовка на Студијата и изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитената зона на крајбрежниот појас на Охридскиот Регион, Агенцијата за катастар на недвижности изработи нова ажурирана геодетска подлога.

**Ажурирани податоци за напредокот подготвен од тимот на „Инстед херитеџ“ (Instead Heritage)[1]:**

**Изработката на „Физибилити студија за урбанистички план за подрачја и градби од државно и меѓународно значење за заштитената зона на крајбрежниот појас во регионот на Охридското Езеро, вклучително и испорака и имплементација на предложената геобаза на податоци за светско наследство на регионот на Охридското Езеро (прва фаза)“, е во завршна фаза. Опсежно искористувајќи ги добиените податоци од втората, многу продуктивна кампања во државата од посети на локацијата, консултации со засегнатите страни и работни сесии што се одржаа во октомври 2023 година, тимот на „Инстед херитеџ“ (Instead Heritage)[2] назначен од УНЕСКО остварува блиска соработка со интердисциплинарниот државен тим од експерти назначени од агенциите на ОН[3] за да ги конструираат меѓусебно поврзаните групи од податоци кои го сочинуваат збирот на знаење зад ресурсот за планирање што ќе биде предаден на Агенцијата за планирање на просторот. Се предвидува дека најзначајната компонента на Физибилити студијата ќе биде алатката за база на податоци што ќе нуди геореферентна анализа на значењето како наследство на целото добро на светското наследство, но со посебен фокус на крајбрежните области. Со собраните и обработени податоци до крајот на февруари 2024 година, целосниот нацрт на Физибилити студијата и поврзаната геобаза на податоци ќе бидат доставени до втората недела од март 2024 година. Процесот на преглед ќе ги вклучи проектните партнери на Работната група, особено Агенцијата за планирање на просторот, напредувајќи со прашањата и извадоците од геобазата на податоци што можат да обезбедат информации за планирање на крајбрежниот појас, со поддршка од проектниот тим. Јасно ни е дека конечниот поднесок ќе биде доставен и до Комитетот за светско наследство и советодавните тела за преглед. Навистина се надеваме дека заедничката имплементација на геобазата на податоци од март натаму ќе ги консолидира користењето, ажурирањето и управувањето со овој нов ресурс меѓу вработените на Агенцијата за планирање на просторот, а во подоцнежните фази, меѓу сите клучни засегнати страни. Активностите за менторство и олеснување понудени од „Инстед херитеџ“ (Instead Heritage) и, кога е потребно, пошорокиот проектен тим, ќе бидат од суштинско значење за успехот на оваа втора фаза, која е толку клучна за да се осигури дека опсежните резултати (исходи) што се потребни за оваа иницијатива може да се постигнат до летото 2024 година. Тие се двојни:**

- **Најважниот и непосреден резултат е дека новата кампања за територијално планирање на крајбрежните области од страна на Агенцијата за планирање на просторот е ефективно вкоренета во државните барања, но и во согледувањата за светско наследство.**

---

[1]Работната група за урбанистичкиот план за крајбрежниот појас на Охридскиот Регион се состои од различни претставници на различни институции што се утврдени од државата членка на почетокот на Физибилити студијата за да го надгледуваат процесот.

[2]Џејн Томпсон назначена од УНЕСКО и која работи со Асканио Д’Андреа, Отавиа Семерари, а од неодамна се придружи и Мише Тутковски.

[3]Славчо Христовски, Златко Левков, Менка Спировска и Данчо Узунов назначени од УНЕП; Дивна Пенчиќ назначена од УНДП; ПоинтПро/Јаков Симјаноски назначен од УНЕСКО.

**• Вториот резултат, во оваа фаза, е очекувањето што треба да се потврди. Доколку пристапот со геобази на податоци навистина се покаже ефикасен како рамка за одлучување со цел да се изготват плановите за крајбрежниот појас, постои потенцијал геобазата на податоци потоа да се искористи и да се подобри за да се обезбедат информации за пристапите за планирање и управување директно преку прекуграничниот дел на доброто на светското наследство на Република Северна Македонија.[4] Имајќи го предвид овој поопсежен потенцијал, геобазата на податоци е именувана како „Геобаза на податоци за светско наследство на регионот на Охридското Езеро“, единствена заедничка референтна рамка за сите оние што се вклучени во раководењето и управувањето со доброто на светското наследство.[5] Овој втор исход ќе биде можен доколку различните засегнати страни на државата членка можат да работат заедно за да го одржат овој нов ресурс како единствена заедничка, достапна и одговорна референтна рамка за одлучување. На овој начин, тоа би можело да придонесе за радикално оддалечување од неуспесите во планирањето во последниве години, кои на моменти беа директен производ на премногу сложениот и преклопувачки модел на раководење, чија слабост е фактот дека постои судир на интереси. Овој процес ќе зависи од надминување на некои прашања за раководење со доброто на светското наследство. Овој преглед од јануари 2024 година ја истражува методологијата во два чекора во основата на Физибилити студијата и поврзаната геобаза на податоци и нуди подетално ажурирање за предложените временски рамки.**

**Цел на проектот**

**Главни цели за Физибилити студијата остануваат оние што се идентификувани во почетокот на 2023 година: исполнување на барањата од Законот за урбанистичко планирање од 2020 година, член 25, и исполнување на дополнителните обврски создадени со запишување на регионот на Охридското Езеро на списокот на светско наследство. Фокусот е на крајбрежните области каде што притисокот од развојот значи дека недостатоците во раководењето и управувањето имале, и понатаму може да имаат, разорно влијание врз наследството и врз погодноста за живеење на местата што луѓето ги населувале околу осум милениуми. Задачата е итна бидејќи состојбата на зачувување на доброто на светското наследство е во момент на пресврт. Ова не се однесува само на проблемите што се видливи за човековото око – новоградби, инфраструктурни проекти, отпадни води и депонии и дополнително компромитирање на последните природни живеалишта на крајбрежјето. Станува збор за целиот „суперлативен природен феномен“[6] кој потенцијално колабира поради деградирање или губење на екосистемот, а социоекономски модел кој, заедно со оваа влошена природна средина, е изложен на ризик неговиот краен заклучок да биде прекин на милениумскиот континуитет на човековото населување во крајбрежните области на езерото. Тесната координација од самиот почеток со главниот клиент, Агенцијата за планирање на просторот на Република Северна Македонија, заедно со многуте други институционални и граѓански засегнати страни вклучени во процесот во текот на 2023 година, многу јасно стави до знаење дека критичната состојба во регионот на Охридското Езеро изискува оваа физибилити студија и**

---

[4] Аналитичкото мапирање на Исклучителната универзална вредност и другите вредности на наследството на геобазата на податоци што ќе биде доставено во март 2024 година веќе се однесува на целиот дел на доброто во Северна Македонија. Само анализата на „факторите“ што влијаат врз атрибутите е конкретно фокусирана на крајбрежните области.

[5] Примената на истиот пристап на геобаза на податоци за поттикнување на одлучување врз основа на вредности на наследството за албанскиот дел од доброто во иднина, исто така, ќе биде можност што ќе се проценува во иднина.

[6] Фраза од ретроспективната изјава за Исклучителна универзална вредност за доброто на светското наследство – Охридско Езеро усвоена во 2015 година. Достапна на: https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/

**следните планови за крајбрежниот појас да бидат вистински двигател за промени. Оваа поддршка за Република Северна Македонија, во форма на независна експертиза понудена од организациите на ОН, испорачува оперативна рамка за ефективен развој и спроведување територијално планирање за македонските крајбрежни области на Охридското Езеро (и не само) на долг рок во иднина; и на начин што ги вградува пошироките обврски од светското наследство во секојдневните договори за раководење и управување. Меѓународниот и националниот интердисциплинарен тим од вклучени експерти работат на испорака на ресурс кој претставува средство за подобрување на партиципативното и одговорно одлучување за промени и континуитет, за непосредните планови за крајбрежниот појас на Агенцијата за планирање на просторот, но структуриран на начин што значи дека доколку државата членка најде начини да ја одржи геобазата на податоци како заедничка рамка на долг рок, таа би можела да се користи за обезбедување информации за одлучување и за зајакнување на позитивните придонеси за заштита и уживање на други области од доброто на светското наследство на долг рок во иднина. Најважно за методолошкиот пристап е вградувањето на секој чекор од Физибилити студијата во меѓународните признати насоки и рамки за мониторинг на УНЕСКО што се однесуваат на светското наследство. Ова е од клучно значење за да се осигури дека препораките оформени од аналитичките резултати (исходи) од новиот ресурс, „Геобазата на податоци за светско наследство на регионот на Охридското Езеро“, се во согласност со меѓународните, а не само со националните законодавни рамки за наследството. Примената на такви насоки и рамки е нагласена врз основа на секој поединечен случај во фуснотите.**

**7. <u>Ѝ наложува</u> на државата членка Северна Македонија да го финализира прогласувањето на Студенчишко <u>Блато</u> за парк на природата и на Охридското Езеро за споменик на природата, и да се осигури дека мерките за управување ги зачувуваат клучните еколошки процеси и карактеристики кои придонесуваат за исключителната универзална вредност на доброто.**

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) изготви **Нацрт-закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата**, кој на 10.7.2023 г. е објавен на официјалната страница на Владата на Република Северна Македонија за законски постапки (www.ener.gov.mk) каде што е достапен за коментари од страна на сите засегнати страни. На 14 и 15.9.2023 година беа одржани јавни расправи по текстот на Нацрт-законот за Охридското Езеро во Охрид и во Струга. Од ноември 2023 година, Нацрт-законот со вградените забелешки е во владина процедура при што се усогласуваат номотехнички одредбите со Секретаријатот за законодавство.

Предлог-законот за прогласување на Студенчишко Блато во Охрид за заштитено подрачје во категорија IV парк на природата е усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија и, во согласност со националната легислатива, е доставен до Собранието на Република Северна Македонија на понатамошно постапување.

Во владина постапка е донесувањето нов Закон за рибарство и аквакултура со посебен осврт на заштитените подрачја. До крајот на 2024 година се предвидува да биде донесен и Закон за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата кој ќе биде посредно поврзан со активностите што би се планирале во врска со одржувањето и заштитата на салмонидните видови риби во Охридското Езеро.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија во декември 2020 година има потпишано спогодба со Република Албанија за заедничко одржливо управување со рибите во сливот на Охридското и Преспанското Езеро со која се предвидува соработка во одржливо користење и заштита на рибниот фонд, усогласување на

управувањето во рибарството и размена на информации. Во согласност со спогодбата, формиран е Комитет за рибарство со претставници од двете држави членки, кој се среќава еднаш годишно кога се издаваат препораки што ќе придонесат за усогласено управување и мерки за заштита и одржлив риболов со рибниот фонд во Охридското Езеро.

Во текот на 2024 година се планирани измени во Законот за внатрешна пловидба со цел контрола врз регистрирањето, користењето/одржувањето на глисерите и на скутерите, при што ќе бидат предложени порестриктивни мерки околу регистрацијата на пловни објекти, особено во однос на нивната старосна граница. Исто така, во периодот 2024 – 2025 г. ќе биде изработена и Студија за оцена на влијанијата од водниот транспорт во Охридското Езеро, како и ревидирање на маршрутите на водниот транспорт во согласност со зонирањето на Охридското Езеро извршено со Планот за управување со споменикот на природата – Охридско Езеро.

**Модернизација на мониторингот**

Благодарејќи на проектите што Управата за хидрометеоролошки работи ги изведуваше со ГИЗ и УНДП, се подобрува мониторингот на сливот на Охридското Езеро (слика 1) кој долги години беше во застој поради недостиг на средства и опрема.




**Слика 1. Хидролошки и метеоролошки мониторинг на сливот на Охридското Езеро**

Поставени се модерни автоматски инструменти на повеќе станици (хидролошки онлајн станици: Охрид – Охридско Езеро, Ложани – р. Црн Дрим, Ботун – р. Сатеска, Ресен – р. Голема, Стење – Преспанско Езеро, Брајчино – р. Брајчинска, Св. Наум – извори, Црн Дрим, Глобочица – езеро Глобочица, и дополнително хидролошки обични дигитални станици, без можност за онлајн пренос на податоци (Наколец – Преспанско Езеро, Арвати – р. Арватска, Лева Река – р. Лева Река, Љубаниште – р. Черава, Св. Наум – Охридско Езеро, Струга – Охридско Езеро, Косел – р. Коселска).

Метеоролошки онлајн станици постојат во Охрид, Струга, Сливово, Ресен, Претор, Брајчино, Куратица и во Вевчани и податоците од нив се презентираат на веб-страницата на УХМР (uhmr.gov.mk), додека обичните дигитални станици се опремени со инструменти од кои за преземање на податоците се користи физичка конекција.

Покрај овие податоци добиени од автоматските станици, во УХМР функционира и јавувачката мрежа на станици што ја сочинуваат набљудувачи кои се приватни лица ангажирани хонорарно од страна на УХМР. Податоците од набљудувачите се многу потребни особено во кризни моменти при ниски и високи водостои кога јавноста најмногу се интересира за состојбата на Охридското и на Преспанското Езеро. Податоците од набљудувачите се добиваат преку телефонска врска. Информацијата од оваа мрежа секојдневно се испраќа до релевантните министерства и до јавноста. На овој начин се врши набљудување на водостојот на следниве хидролошки станици: Охрид – Охридско Езеро, Наколец – Преспанско Езеро, Ботун – р. Сатеска, Ложани – р. Црн Дрим.

Покрај информациите за водостојот, мониторингот се одвива и со посета на хидролошките станици и вршење хидрометриски мерења. Овие мерења се неопходни за добивање протоци кои се исклучиво важни за добивање податоци за анализа на билансот на водите во сливот на Охридското Езеро.

**Мониторинг-информации**

Случувањата со Охридското Езеро од 1951 година се прикажани на графиконот на карактеристичните годишни нивоа на езерото за водомерната станица Охрид (минимални, средни и максимални нивоа).




**Слика 2. Карактеристични годишни нивоа на Охридското Езеро во периодот 1951 – 2022 г.**

По извршена анализа на хидролошките параметри, може да се каже дека апсолутно забележаниот максимален водостој на Охридското Езеро бил регистриран на 22 февруари 1963 година со кота од H=694.59 m, додека апсолутно забележаниот минимален водостој е со кота од H=693.00 m, регистриран на 29 септември 1990 година. При вакви околности, апсолутната амплитуда изнесува 159 cm.

Ако ги споредиме водостоите на Охридското Езеро за периодот од јуни до крајот на годината за изминативе 5 години, го добиваме следниот графикон (слика 3). Од графиконот се забележува дека во 2018 година езерото има поголеми водостои на почетокот на летната сезона во однос на другите години – 2021 и 2019 за 40, а 2020 и 2022 за 20 cm разлика на нивоата. Искористувањето на водите од Охридското Езеро за производство на енергија е евидентно и покажува дека водите од Езерото се искористувале до максимум, т. е. до минималната дозволена

кота. Значи од 1 октомври водите на Езерото се држат близу дозволениот минимум, и во неколку наврати оди под дозволениот минимум за на крајот од 2020 година. целосно да оди под дозволениот минимум. Ваквата злоупотреба на Езерото доведува до огромно намалување на неговиот биодиверзитет.




**Слика 3. Нивоа на Охридското Езеро од јуни до декември за периодот 2018 – 2022 год.**

На слика 4 е прикажано користењето на водите од Охридското Езеро каде што се гледа процесот на производство на електрична енергија со високите скокови на водостојот на станицата Ложани на Црн Дрим. Кон крајот на годината обично врнежите позитивно влијаат на водостоите, но во 2020 година тие изостанаа и покрај тоа што беше во прекин процесот на производство на електрична енергија (ниски водостои кај Ложани), водите на Охридското Езеро (слика 3) продолжија под минимално дозволената кота.

Од графиконот за водостоите на Охридското Езеро се забележува мал тренд на намалување на водостоите.




**Слика 4. Повеќегодишни месечни суми на врнежи за метеоролошката станица Охрид во споредба со месечните годишни суми за 2021 година**

Ако се анализираат врнежите од 2021 година, треба да се напомне дека во август немаме воопшто врнежи, потпросечни врнежи имаме во март, мај, јули и во септември, а натпросечни има во октомври, ноември, декември, јануари, февруари и за малку во април.

Нивото на Охридското Езеро, покрај атмосферските врнежи, го надополнуваат големиот број природни извори на вода, реките Сатеска, Коселска, Грашница, Билјанините Извори, Черава, изворите на Црн Дрим, Тушемиште (АЛ) и уште неколку извори и рекички во Р Албанија. Истечните води кои дотекуваат во Езерото зависат главно од атмосферските врнежи, додека водите од изворите кај Свети Наум и Тушемиште се надополнуваат од водите на Преспанското Езеро кои преку понорите кај Завир (АЛ), дотекуваат под кршниот масив на Галичица. При повисоки коти на Преспанското Езеро, водата влегува во масивот на Галичица од неколку поголеми понори, сега при помали нивоа, влегувањето на водата е низ пониските понори, но секако дека овој процес е без прекин. Од повремените хидрометриски мерења на изворите на Црн Дрим кај Св. Наум, почнувајќи од 2015 година, има сознанија за доста стабилни истекувања, за што е потребно поставување модерен инструмент за константно мерење на протекот на хидролошката станица кај Св. Наум

Главен управител на истечните води од Охридското Езеро е ЕСМ со кого УХМР редовно контактира и го известува за соодветни промени на нивото на Езерото. Водите од Езерото се под постојан притисок за производство на енергија и тоа негативно влијае врз неговите водни резерви. Сепак, со преградата кај Струга би можело да се влијае врз заштитата на езерото од поголеми истекувања доколку правилно се искористуват водите од страна на ЕСМ. За дополнителна заштита на нивото, би било добро да се подигне минималната дозволена кота во висина од 10 cm, за да го избегнеме трендот на спуштање на нивото на езерото под дозволениот минимум. Во таа насока е потребата водите од р. Сатеска целосно да се пренасочат кон р. Црн Дрим.

**8. <u>Изразува најдлабока загриженост</u> за одобрувањето на проектот „Воден парк Дрилон – Тушемиште“ без да се имплементираат соодветните препораки на Реактивната мониторинг-мисија од 2020 година и бара од државата членка Албанија да спречи понатамошна имплементација на проектот и да му достави на Центарот за светско наследство целосна документација за одобрениот проект, за ревизија од страна на советодавни тела.**

**9. <u>Бара</u> од државата членка Северна Македонија да му обезбеди на Центарот за светско наследство детална документација за одобрените проекти за делот од автопатот А2 Кичево – Охрид за ревизија од страна на советодавни тела.**

**Анекс 1:** https://we.tl/t-8sahmkpLh6

**Анекс 2:** https://we.tl/t-3QGu7P19xz

**Анекс 3:** https://we.tl/t-WLnfjkh1yI

**10. <u>Исто така, бара</u> од државите членки да продолжат да ги нагласуваат прашањата за бесправните објекти и структури за да се осигури дека оние што се веќе отстранети нема да се обноват повторно и дека нема да се појават нови нелегални градби.**

ЈУ Национален парк „Галичица“ со финансиска поддршка (донација) од Амбасадата на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија во текот на 2023 година почна со креирање ортофотомозаик на теренот во рамките на Националниот парк преку кој ќе ги детектира сите дивоградби со користење дрон и снимање во низок лет на сите објекти во границите на

Националниот парк. Картите добиени од снимањето ќе бидат во форма на таканаречен „шејпфајл“ (shapefile), кој ќе може да се преклопува со други документи и ќе може да се спореди со урбаниот опфат што го има Општина Охрид за населбите што се во границите на Паркот. На тој начин веднаш ќе се детектираат бесправно изградените објекти. НП Галичица веќе ги има набавено опремата и софтверот потребен за изработка на ортофотомозаикот (донација од Амбасадата на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија) и активноста е во тек.

Во текот на 2023 година, од страна на општинските градежни инспектори на територијата на Општина Охрид се затекнати вкупно 62 нелегални градби (во Националниот парк Галичица – 8; во крајбрежјето – 2; во заштитеното подрачје – 50; во контактната зона – 1; во заштитеното јадро – 1). За другите бесправно изградени објекти се води постапка пред надлежните институции.

Во изминатиот период интензивно се работи на подобрување на законската регулатива со цел усогласување, но и изнаоѓање механизми за подобра заштита и управување со природното и културното наследство. Министерството за култура, во соработка со Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, изработи Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, кој е доставен до Владата на Република Северна Македонија на натамошна постапка за донесување. Со оглед на тоа што во извештаите на мисиите на УНЕСКО се евидентирани повеќе закани кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на Старото градско јадро на Охрид, со Предлогот на законот се предвидува промена на режимот на заштита на спомeничната целина Старо градско јадро. Со новиот режим на заштита ќе се спречи реализација на доградби, надградби и изградба на нови објекти во спомeничната целина со 19 урбани комплекси сè до донесување на нови детални урбанистички планови.

Во насока на подобрено управување и спречување на недозволени градби, Управата за заштита на културното наследство изработи насоки во кои се дефинирани (ограничени) можностите за изградба на нови објекти, надградби и доградби во Старото градско јадро на Охрид кои се доставени до надлежната установа – НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

**11. <u>Понатаму, бара</u> од државите членки да обезбедат систематска процена на влијанијата на плановите и проектите, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на проектот за <u>пренасочување</u> на реката Сатеска и на планот за обнова на железничката линија на Коридорот 8 во делот меѓу границите на Северна Македонија и на Албанија, на атрибутите на исклучителната универзална вредност на доброто според Водичот и прирачник за оцена на влијанието на наследството во контекст на светското наследство.**

Во рамките на Проектот за пренасочување на реката Сатеска, кој се спроведува од страна на канцеларијата на УНДП во Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање, во текот на 2023 година заврши санацијата на разделната градба, целосното чистење на речното корито на реката Сатеска, како и изградбата на таложниците. Во рамките на проектот се предвидуваат и други неопходни активности – пошумување, спречување на ерозија, уредување на коритото и друго, што, во согласност со предвидената динамика, ќе биде реализирано во следниот период.

Во однос на железничкиот коридор VIII, Европската комисија во декември 2022 год. донесе одлука целиот железнички Коридор VIII, вклучувајќи ја и делницата Кичево – Лин, да биде дел од клучната мрежа (Core Network) со што оваа делница исполнува предуслови да биде финансирана

од европски грантови. Во меѓувреме, ЕИБ (Европска инвестициона банка) и ЕБРД (Европска банка за обнова и развој) изразија интерес за финансирање на изградбата на оваа делница со забелешка за делот Струга – Граница со Република Албанија да се изработи нова студија на изводливост и алтернативна траса со цел да се исполнат препораките што ги има дадено УНЕСКО и за Република Северна Македонија и за Република Албанија и е предвидено таа да биде изготвена во текот на 2024 година, за што предуслов е успешно добиен грант за техничка помош.

Во ноември 2023 година, директорот на Јавното претпријатие за државни патишта и министерот за транспорт и врски на Република Северна Македонија, заедно со претставници на Конзорциумот БЕХТЕЛ и ЕНКА, оствариja средба со генералниот директор на Албанската патна управа на Република Албанија, на која фокусот беше изградбата на дел од Коридорот 8, односно донесена е одлука постојната делница Струга – Ќафасан – граничен премин да се користи како регионален пат додека се прецизираат технички решенија за соодветна траса поврзана со тунел кој треба да ги поврзува двете земји со цел зачувување на автентичноста на заштитеното добро, односно граничниот премин да биде во самиот тунел. Дополнително се носат и одлуки за железничкиот коридор 8, кој ја менува својата траса. Последната средба (што се одржа во јануари 2024 г.) беше фокусирана на активностите поврзани со Коридорот 8 и на делот за изградба на планираниот тунел кај „Ќафасан“, кој ќе ги поврзува двете земји – Република Северна Македонија и Република Албанија.

Управата за заштита на културното наследство и Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид (Северна Македонија) се одговорни за спроведување на законски пропишаните обврски за заштита на културното наследство, вклучително и на археолошките локалитети кои се загрозени од реализација на различни инфраструктурни проекти и урбанистичко планирање.

Изведувачот на сите новопроектирани патни правци во Охридскиот Регион, пред започнување со какви било активности, задолжително ќе треба да ја доставува целокупната документација до Комисијата за управување со природно и културно наследство и од неа да добие мислење. Дополнително, изведувачот, по одлука на Владата на Република Северна Македонија, задолжително ќе треба да спроведува стратешка оцена или/и оцена на влијание врз животната средина, како и оцена на влијание врз Исклучителната универзална вредност (ИУВ). Нацрт-документацијата, во согласност со параграфот 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светско наследство, ќе биде доставена и до Центарот за светско наследство на ревизија од советодавните тела.

Заради подобро запознавање на засегнатите страни, **Водичот и прирачник за оцена на влијанието на наследството во контекст на светското наследство,** подготвен од Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела, е преведен на македонски јазик, со што ќе се овозможи негова полесна примена во постапките за изработка на студии за влијание врз наследство.

Во текот на 2024 година ќе биде финализирана измена и дополнување на **Законот за внатрешна пловидба,** со цел контрола на регистрирањето, користењето/одржувањето на глисерите и на скутерите,



во кој ќе бидат предложени порестриктивни мерки околу регистрирањето на пловните објекти, особено во врска со нивната старосна граница. Според акцискиот план, во периодот 2024 – 2025 година е предвидена и изработка на **Студија за оцена на влијанијата од водниот транспорт во Охридското Езеро**. За 2025 година е предвидено и ревидирањето на маршрутите на водниот транспорт, во согласност со зонирањето на Охридското Езеро, што е извршено со Планот за управување со споменикот на природата – Охридско Езеро.




Дополнително, од страна на Управата за заштита на културното наследство е изготвено **Упатство за имателите на недвижни културни добра во Охридскиот Регион – Светско наследство на УНЕСКО** како помагало за сопствениците на недвижни културни добра во Охридскиот Регион во исполнувањето на нивните права и обврски, преку обезбедување рамка за следење и имплементација на основните начела за заштита и користење на недвижното културно наследство, пропишани со Законот за заштита на културното наследство и со другите национални и меѓународни правни прописи кои ја регулираат заштитата на културните вредности.

Упатството е наменето за физичките и за правните лица кои поседуваат, користат или одржуваат недвижно културно наследство, како и за оние што имаат потреба од услуги и совети за нивната заштита и зачувување, вклучително и локалното население, архитектите, конзерваторите, инвеститорите, локалната самоуправа итн.

Главни цели на Упатството се да обезбеди корисни информации, ресурси и појаснувања за системот на заштита на културното наследство во Охридскиот Регион, да ги посочи националните и меѓународните регулативи и начела, како и стратегиските и плански документи, за да им се помогне на сопствениците на недвижните културни добра во навигацијата низ законските обврски, односно да ги води низ потребните правни и административни постапки пред да се започне со каква било интервенција врз нив, да ги посочи соодветните методи за одржување и заштита на недвижните културни добра и на тој начин да се идентификуваат приоритетите за преземање конзерваторски/реставраторски работи и интервенции.

Управата за заштита на културното наследство, во соработка со Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид (Северна Македонија), е одговорно за спроведување на законски пропишаните обврски за заштита на културното наследство, вклучително и археолошките локалитети кои се загрозени од реализација на различни инфраструктурни проекти и урбанистичко планирање.

**12. Бара, и покрај првичните напори на државите членки, да ги отстранат заканите кон доброто, да се постигнат видливи резултати и да се намали ризикот од заканите што се појавуваат постојано и немањето јасна визија споделена меѓу сите учесници за да се зачува исклучителната универзална вредност на доброто и силно инсистира државите членки да ги имплементираат итните мерки за да се нагласат постојните закани и да се спречи појавата на нови закани што би влијаеле врз исклучителната универзална вредност.**

ЈП Колекторски систем – Скопје во текот на 2023 година, во доменот на своите активности, инсталираше фреквентна регулација на шест препумпни станици, со што е овозможена автоматска регулација на работењето на пумпите во согласност со нивото на фекална вода. Во целост е отстранета појавата на прелевање, а со тоа и на внесување фекални води во Охридското Езеро (вредност од 6.000.000,00 денари). Тековно се продолжува со санација на Колекторскиот систем (снимање, вовлекување цевка во цевка на локацијата пред препумпната станица Подмоље каде што имаше најголеми оштетувања на цевководот и голем процент на инфилтрација на подземни води во системот, чистење на цевководот на делот од месноста Грашница до препумпната станица Даљан, со што ќе се овозможи нормален проток...), како и тековно одржување за нормално функционирање на системот за заштита на водите на Охридското Езеро. Паралелно се изработуваат проекти за засебни пречистителни станици во населените места Љубаништа и Радожда, нова пречистителна станица во Подмоље за третман на водите од Охридскиот Регион, собирање на отпадните води од населеното место Елшани и нивно внесување во постојниот колекторски систем, како и ревизија на проектот за реконструкција и осовременување на пречистителната станица која во моментов работи со 90 % од својот капацитет.

ЈНУ Хидробиолошки завод успешно ги реализира сезонските мониторинг-кампањи со цел увид во состојбата со природното наследство на Охридското Езеро и неговите крајбрежни води. Во насока на овие активности, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид во текот на 2023 година спроведе проект со наслов: „Проценка на влијанието на реките (Сатеска, Коселска и Велгошка) врз квалитетот на водата од литоралната зона на Охридското Езеро врз основа на физичко-хемиски и одредени биолошки параметри“, финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање. Целта на проектот е да се одреди колку имаат влијание врз квалитетот на водата реките што се влеваат во Охридското Езеро, но и врз живите организми во неа. Оваа процена се изведуваше со помош на стандардни физичко-хемиски анализи, микробиолошки показатели и биоиндикатори. Резултатите од анализите, покрај тоа што ќе придонесат за одредување на квалитетот на водата, ќе дадат и насока за преземање соодветни мерки за заштита во зоните што се дефинирани и како „жешки точки“ за Езерото.

Во рамките на проектот „Развивање на метод за детекција на жива во различни матрикси од акватични екосистеми“ финансиран од Министерството за образование и наука, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид набави софистициран апарат за одредување концентрации на жива во вода, седименти и ткива, со што се збогати можноста за изведување современи анализи на овој потенцијално опасен елемент за животната средина.

Во периодот 2 – 5 октомври 2023 година, ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, во соработка со меѓународната фондација „HEALTHYSEAS“, организираше и спроведе пилот-проект за детекција и за отстранување на напуштен, изгубен или на друг начин оставен риболовен алат од Охридското Езеро и тоа на локалитетите каде што се наоѓаат најподатливите природни мрестилишта на пастрмката, на источниот и на југоисточниот дел на Охридското Езеро.

Беа отстранети вкупно 64 мрежи духови со вкупна должина од речиси 2 km, со димензии на окца од 12 до 180 mm од јазол до јазол и други риболовни средства, како: куки, вештачки мамки, блинкери, сидра итн. од претходно регистрирани и геопозиционирани локалитети, на длабочина од 5 до 35 m, со заеднички активности на 9 нуркачи од „Healthy seas“ и „Ghost Dive“ и истражувачкиот тим од Хидробиолошкиот завод од Охрид.

„Мрежите духови“ – напуштени, изгубени или на друг начин оставени рибарски мрежи на природните мрестилишта на пастрмката од Охридското Езеро, кои сè уште ловат и не само риби, туку и птици, ракови и други животни, се една од причините што матиците ги избегнуваат овие

локалитети поради присуството на гнилеж од распаднатите животни. За подигнување на јавната свест и споделување на резултатите, наодите и препораките од овој проект, во Општина Охрид на 6.10.2023 г. се одржа тркалезна маса на засегнатите страни: „Мрежите духови“ како глобален проблем за водните екосистеми и чекорот напред во решавањето на овој проблем за Охридското Езеро со учесници од сите релевантни министерства поврзани со заштитата на Охридското Езеро, институциите на локалната самоуправа, невладините организации и други засегнати страни.

Во согласност со Извадокот од Нацрт-записникот од сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 26 септември 2023 година), стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид извршија комплетна евиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти во рамките на Старото градско јадро на Охрид на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима-уреди и други несоодветни инсталации, како и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами. За горенаведеното направија комплетна фотодокументација, одделно за секој објект, со предвидени заклучоци. Врз основа на извршената евиденција се изработува приоритетна листа за отстранување сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима-уреди и други несоодветни инсталации и комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамките на Старото градско јадро на Охрид која ќе биде доставена до Управата за заштита на културно наследство – Скопје.

Во завршна фаза е изработката на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, како и на Предлог-закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, каде што се предвидени зајакнати механизми за управување и одлучување во однос на заштитата на наследството.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија континуирано работи на промоција на Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со неговите потенцијали во контекст на развивање на културниот туризам, екотуризмот и други алтернативни форми на туризам, и тоа преку неколку сегменти од работата на Агенцијата – изработка на печатени и видео промотивни материјали (*The Nomad Life in North Macedonia*, *National Parks Protected Areas*, *Top 20 Touristic Attractions*), спроведување медиумска кампања во медиуми во други земји (Полска, Бугарија, Србија, Хрватска, Албанија и Косово) и преку официјалниот портал за туризам **https://macedonia-timeless.com**. Прекуграничниот проект „ABOVE“ (2022 – 2023) имаше цел да сними повеќе локации во Република Северна Македонија и Република Грција од птичја перспектива со користење дрон-технологија, меѓу кои и подрачјето што го зафаќаат Охридскиот Регион и Националниот парк „Галичица“, со цел прикажување гранични природни и географски обележја на начин на кој досега тие не се посетени. Во рамките на имплементацијата на овој проект беа одржани и тренинг-курсеви за туристички водичи во Струга со учество на студенти и наставници од Факултетот за туризам од Охрид. Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот подготвува креирање на посебна секција (таб) во рамките на порталот **https://macedonia-timeless.com** посветен на сите природни и културни добра во нашата држава заштитени од УНЕСКО.

**13. <u>Бара</u> од државите членки да ја засилат нивната прекугранична координација и соработка поради нагласувањето на заканите врз доброто, со:**

**а) засилување на реципрочната комуникација и координација во врска со плановите и проектите што може да влијаат врз атрибутите на исклучителната универзална вредност на доброто;**

**б) континуирано подобрување на ресурсите на прекуграничната работна група формирана за подготовка на Стратегискиот план за рехабилитација, со овластување да ја поддржат оперативната имплементација на планот.**

На 15.6.2023 година ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид беше домаќин на вториот состанок на Заедничкиот комитет за рибарство за Охридско и Преспанско Езеро, формиран од членови на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Државниот инспекторат за земјоделство и соодветни претставници од Р Албанија. На состанокот, делегациите од двете држави разговараа за усогласување на законодавството и управувањето со рибарството. Претставниците од ЈНУ Хидробиолошки завод, како членови на Заедничката советодавна група и како експерти од областа, имаа советодавна улога и учествуваа во креирање потенцијални прекугранични мерки за заштита на Охридското Езеро и Макро Преспа.

Покрај тоа, во периодот 1 – 3 ноември 2023 година, научниот кадар од Хидробиолошкиот завод активно учествуваше на Четвртата интернационална конференција за земјоделство и природни науки (4th International Conference on Agriculture and Life Sciences ”ICOALS“) што се одржа во Тирана, Р Албанија, и на која, покрај другото, беше реферирано за состојбата со природното наследство на Охридскиот Регион.

Во тек е изработката на Приоритетна листа на клучни живеалишта од национално и европско значење и листа на статус на видови според IUCN-класификација на загрозени приоритени видови риби, безрбетници и алги во Охридското Езеро, која е базирана на долгогодишни истражувања спроведени од научниот кадар на ЈНУ Хидробиолошки завод и по нејзиното изготвување ќе биде доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање.

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид ја почна реализацијата на проектот со наслов: **„Јакнење на капацитетите за управување со културното наследство на Охридскиот Регион: Обука за развој на бази на податоци и ГИС-платформа за недвижно културно наследство за Заводот и музеј – Охрид“,** финансиски поддржан од Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Во текот на 2023 година (септември) се реализираа низа активности на териториите на Република Северна Македонија и на Република Албанија. Теренските активности беа во насока на евиденција, инвентаризација, дигитализација и користење современа технологија за 3Д-снимање со помош на дронови и фотограметрија за изготвување ортофотографии и топографски карти. Резултатите од заедничките активности се подлога за создавање ГИС-платформа за недвижното културно наследство и археолошките локалитети од Охридскиот Регион, со што ќе се обезбеди ВЕБГИС-база на податоци која ќе може да ја користи и пошироката јавност, а ќе се потхранува со податоци за недвижното културно наследство и заштитените археолошки локалитети собрани и документирани во текот на проектот. Ова ќе биде првиот транснационален Географски информациски систем од светското наследство на Охридскиот Регион, и е од суштинско значење за управување со стотиците локалитети околу езерото. Главна цел на проектот е да се зајакне капацитетот на вработените во НУ Завод и Музеј – Охрид за подобрување на управувањето со културното наследство на територијата на Охридскиот Регион. Како дел од проектот, целта е и класифицирање и скенирање (дигитализација) на заштитени археолошки локалитети, нивен избор и организација по приоритет за полесен инвентар и архивирање. Оваа документација е неопходна не само како евиденција туку и како алатка за управување и следење.

Наведената активност е и една од целите на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030), кои се нотирани како предложени мерки во Акцискиот план.

**14. Бара државите членки итно да поканат заедничка реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство/IUCN/ICOMOS за доброто со цел да ја испитаат ефективната имплементација на препораките од мисијата од 2020 г. и повторените препораки на Комитетот, и да ја оценат целокупната состојба околу заштитата на доброто.**

Во заедничка координација, државите членки во јануари 2024 година доставија до Центарот за светско наследство на УНЕСКО писмо за покана на заедничка реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство и советодавните тела. Се очекува нејзина реализација кон крајот на март 2024 година.

**15. Бара од државите членки до 1 февруари 2024 година да го поднесат до Центарот за светско наследство Нацрт-стратегискиот план за рехабилитација, како и заеднички ажуриран извештај за состојбата со заштитата на доброто и имплементација на горенаведеното, за разгледување од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 46. сесија бидејќи итната потреба за заштита на ова добро бара широка мобилизација за да се зачува неговата исклучителна универзална вредност, имајќи го предвид и можното впишување во Листата на светско наследство во опасност.**

* * *

Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, делот кој се однесува на Република Северна Македонија, беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на нејзината трета седница, одржана на 6.2.2024 година (бр. 41-2074/2 од 06.02.2024).

* * *

5. Државата членка Република Северна Македонија дава согласност овој извештај за состојбата со заштитата на природното и културното **наследство на Охридскиот Регион да биде објавен на веб-страницата на Центарот за светско наследство на УНЕСКО.**

Потпис на овластеното лице:

Влада на Република Северна Македонија

Бисера Костадиновска-Стојчевска,

министер за култура,

претседател на националната комисија

за УНЕСКО на Република Северна Македонија